Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, бр.199/14, бр.27/16, бр.35/18, бр.198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, бр.14/20, бр.14/20 и бр.215/21) и член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Кочани донесе

# ПРАВИЛНИК

## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани

РЕПУБЛ... ОПШ...
бр. 01-241/1
29.01.2025
КОЧАНИ

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување во Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-868/1 од 27.04.2016 година), Правилник за изменување и дополнување на на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-2069/1 од 22.11.2017 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-898/1 од 04.04.2018 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-1336/1 од 04.06.2018 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.04-1680/1 од 18.07.2018), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.04-2377/1 од 08.11.2018 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-1018/1 од 07.04.2021 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-1273/1 од 03.06.2022 година), Правилник за изменување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-1158/1 од 08.06.2023 година) и Правилник за изменување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-2301/1 од 27.12.2023 година) и Правилник за изменување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр. 01-1019/1 од 17.06.2024 година).

### Член 2

Во глава IV. Опис на работните места во општинската администрација на општина Кочани, во Секторот за правни, јавни дејности и општи работи во Одделение за правни и општи работи, работното место со реден број 13, шифра - УПР 04 05 А03 007, назив на работно место – Работник за поддршка во општи работи и дактилографија, **се брише.**

**Член 3**

Во глава IV. Опис на работните места во општинската администрација на Општина Кочани, во Секторот за правни, јавни дејности и општи работи во Одделение за правни и општи работи работното место со реден број 15, шифра - УПР 04 01 Б05 001, назив на работно место – Одржувач на објекти и опрема во сопственост на општината во делот број на извршители бројот „2" се заменува со бројот „3".

**Член 4**

Во глава IV. Опис на работните места во општинската администрација на Општина Кочани, во Секторот за финансиски прашања во Одделение за даноци, такси и надоместоци работното место со реден број 40 – а, шифра - УПР 01 01 В01 000, назив на работно место – Советник за даноци на имот и даночно книговодство во делот број на извршители бројот „1" се заменува со бројот „2".

**Член 5**

Во глава IV. Опис на работните места во општинската администрација на општина Кочани, во Секторот за финансиски прашања во Одделение за даноци, такси и надоместоци, работното место со реден број 41, шифра - УПР 01 01 В03 000, назив на работно место – Соработник за утврдување и реализација на локални даноци, **се брише.**

**Член 6**

Во глава IV. Опис на работните места во општинската администрација на Општина Кочани, во Секторот за уредување и располагање со градежно земјиште во Одделение за уредување на градежно земјиште работното место со реден број 66, шифра - УПР 01 01 В03 000, назив на работно место – Соработник за поддршка во изградба на локални патишта и улици во делот број на извршители бројот „1" се заменува со бројот „2".

**Член 7**

Во глава IV. Опис на работните места во општинската администрација на општина Кочани, во Секторот за управување со човечки ресурси и поддршка на градоначалникот во Одделение за управување со човечки ресурси, работното место со реден број 88-а, шифра - УПР 01 01 Г03 000, назив на работно место – Референт за организација на човечки ресурси, **се брише.**

**Член 8**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се вршат и измени и дополнувања во табеларниот преглед на работни места во општинската администрација на општина Кочани, како составен дел на Правилникот.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

**Градоначалник на**
**Општина Кочани**
**Љупчо Папазов**